**20141243922**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 10, став (11) од Законот за субвенционирање на станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/11, 24/13, 43/14 и 109/14), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПУВАЊЕТО ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТАНБЕН КРЕДИТ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапувањето за избор на корисници на субвенциониран станбен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/12), во членот 4, во ставот 1, зборовите „максимален износ на вкупен месечен приход“ се заменуваат со зборовите „максимален износ на месечен приход по основ на плата“ и зборовите „остварен вкупен просечен месечен приход на барателот за последните шест месеци, односно вкупни просечни месечни приходи на барателот и неговиот брачен другар за последните шест месеци“ се заменуваат со зборовите „остварен просечен месечен приход по основ на плата на барателот за последните шест месеци, односно просечен месечен приход по основ на плата на барателот и неговиот брачен другар за последните шест месеци, при што доколку во последните шест месеци се исплатени поголем број на плати од шест, како резултат на задоцнета исплата на претходни плати односно помал број на плати од шест, при пресметка на просечните месечни приходи по основ на плата, износот на остварените приходи по основ на плата во последните шест месеци ќе се подели со бројот на исплатени плати.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13-26622/3
18 август 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.